Врз основа на член 12 став 10 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ РЕГИСТАР

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Решението за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар.

### Член 2

Решението за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член  се дадени во Прилог кој е составен дел од овој правилник.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. ________________________ Министер за економија,

Скопје, ____________________ Крешник Бектеши

ПРИЛОГ

Врз основа на член 12 став 7 од Законот за занаетчиство, решавајќи по барањето бр. _________ од ___________ година на лицето ______________________ од ________________, ул. _____________ бр. _____, Занаетчиската комора со седиште во _____________ донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар**

СЕ ОДБИВА барањето за упис во Занаетчискиот регистар на лицето ________________од ________________, ул. _________________________ бр. _____, со ЕМБГ_________________, поради приложен доказ кој не е издаден од надлежна институција, односно ______________________ _________________________________________________________________________________ _______.

### О б р а з л о ж е н и е

Лицето ___________________ од _________________, ул. ____________________________ бр.______, поднесе барање до Занаетчиската комора - ______________, за упис во Занаетчискиот регистар опишана во диспозитивот на ова решение и кон барањето не ги приложи сите потребни докази согласно член 12 став 4 од Законот за занаетчиство.

Врз основа на изнесеното Занаетчиската комора - _____________, решавајќи по барањето бр._____________ од _____________ година утврди дека не се исполнети условите за упис на дејноста во Занаетчискиот регистар и врз основа на член 12 став 7 од Законот за занаетчиство се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на неговиот прием до Министерството за економија.

ДОСТАВЕНО ДО:
-подносителот на барањето-занаетчијат
-Управа за јавни приходи
-Фонд за ПИО
-Фонд за здравствено осигурување
-Агенцијата за вработување
-Централен регистар и
-Архивата на комората

м.п.

Одговорно лице,
_______________